Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

**Министерство за труд и социјална политика**

Влада на Република Македонија
Министерство за труд и социјална политика
Бр. 09-8467/2
15.10.2015 год.
Дане Групе бр.14,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3 106 212
(02) 3 106 214
Сајт: www.mtsp.gov.mk

**ДО**
**Претседателката на**
**Здружение на преведувачи на Република Македонија ЗПРМ**
**Г-ѓа Ирена Кацарски – Ќимова**
**ул. Скопска бр. 9-1/10 Скопје**

**Предмет: произнесување во однос на предлог за политики**

Почитувана,

Во врска со иницијативата поднесена до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија - Одделение за соработка со невладини организации, која се однесува на даночно олеснување на персоналниот данок, како и на придонесите за задолжително социјално осигурување за самовработените преведувачи/толкувачи физички лица (или лица кои вршат други слободни професии, а се запишани во регистри за вршење на дејност), и притоа за оваа категорија на професии да не е потребно да бидат регистрирани како трговци – поединци или трговско друштво, Министестрство за труд и социјална политика Ве известува за следното:
Во иницијатативата се наведени предлози за даночно олеснување во износ од 50% од нето основиците за плаќање на придонесите од задолжително социјално осигурување и персоналниот данок на доход, поради тоа што овие категории (самовработен преведувач/толкувач физичко лице или вршител на друга слободна професија) не остваруваат константен месечен приход, а од остварениот нето приход истите имаат трошоци кои произлегуваат од работењето, инвестиции во материјалите за работа итн. Исто така во однос на даночното олеснување на персоналниот данок на доход, е наведено дека постојната стапка од 30% за друг вид на превод и толкување, треба да се изедначи со постојните олеснувања од 50% за книжевен превод
Во таа насока во иницијативата се наведени предлози за три вида на пакети за паушално авансно плаќање на задолжителните придонеси од социјално осигурување на доброволна основа и тоа:

- за нето приходи во просечен месечен износ до просечна плата;
- за нето приходи до две нето просечни плати и
- за нето приходи до максималниот дозволен нето приход како самовработено физичко лице.

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

**Министерство за труд и социјална политика**

Воедно во иницијативата се наведува потребата и се предлага отворање и водење на професионален регистар во кој ќе бидат запишани сите самовработени преведувачи/толкувачи или вршители на други слободни професии, кој ќе биде во надлежност на некое министерство. Притоа е наведено дека ваков регистар не постои во Република Македонија и дека како пример по кој истиот би се изработил може да се земе Регистарот на Здружението на преведувачи на Република Македонија.

Наведените предлози имаат за цел опфат со задолжително социјално осигурување на категорија на граѓани кои се вршители на активности како „слободна професија„ а се предлагаат решенија од надлежност на повеќе институции и тоа: Министерство за правда, Министерство за финансии и Министерство за култура.

Имајќи во предвид дека предложените решенија предизвикуваат измена во повеќе закони, сметаме дека е потребно да се формира работна група со претставници од наведените институции и Здружението на преведувачи на Република Македонија ЗПРМ, којашто детално ќе ги разгледа предлозите и ќе предложи соодветни решенија.

Со почит,

**По овластување на министер**
**број 03-5322/1 од 03.06.2015 година**
**Раководител на Сектор за пензиско**
**и инвалидско осигурување**
**Ирена Ристеска**

Изработил: Елеонора Доневска
Контролирал: Даниела Божиноска
Одобрил: Ирена Ристеска
Согласен: